Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republika e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр./Nr. 01-383/1
24. 03. 2023 20 год./viti.
Скопје - Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ ЗА 2022 ГОДИНА

**Дел. Бр.** 01-383/1

**Датум:** 24. 03. 2023

**Место:** **Скопје** **(м.п.)**

**Д-р Благоја Гешоски, член на Инспекциски совет**
[име и презиме]
**По овластување на Претседател на Инспекциски совет**
[потпис]

## СОДРЖИНА

1 Резиме ....1
2 Управување со ризици ....3
3 Организација и раководење ....5
4 Инспекциски надзор ....17
5 Обука на инспекторите и административните службеници ....23
6 Буџет и финансирање ....28
7 Меѓународна соработка ....31
8 Други активности на инспекциските служби ....33
9 Заклучоци и препораки ....34

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по звање.....7

Табела 2 Преглед на бројот на инспектори во инспекциските служби во 2022 година, по вид, возраст и звање ..... 8

Графикон 1 Возрасна структура на инспекторите во инспекциските служби.....13

Табела 3 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2022 година, во селектирани инспекциски служби.....15

Графикон 2 Просечен број на извршени надзори по инспектор, дневно .....16

Табела 4 Вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид за 2022 година .....19

Графикон 3 Структура на видовите на инспекциски надзор по области и вкупно .....20

Графикон 4 Структура на видови на инспекциски надзор по инспекциски служби .....21

Графикон 5 Соодност на утврдени неправилности и вкупен број на редовни и вонредни инспекциски надзори .....22

Графикон 6 Преглед на спроведени генерички обуки.....24

Табела 5 Преглед на издадени сертификати за реализирани генерички обуки по области/теми.....23

Табела 6 Преглед на специјализирани обуки по инспекциски служби .....25

Табела 7 Буџети на инспекциски служби .....28

Графикон 7 Структура на буџетот на инспекциските служби во 2022 година.....29

Графикон 8 Буџетски средства по инспектор (несметајќи ги средствата за плати и надоместоци) .....30

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Агенција за лекови и медицински средства | МАЛМЕД |
| 2 | Агенција за млади и спорт | АМС |
| 3 | Агенција за храна и ветеринарство | АХВ |
| 4 | Влада на Република Северна Македонија | ВРСМ |
| 5 | Дирекција за заштита и спасување | ДЗС |
| 6 | Дирекција за радијациона сигурност | ДРС |
| 7 | Државен архив на Република Северна Македонија | ДАРСМ |
| 8 | Државен девизен инспекторат | ДДИ |
| 9 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | ДИГУ |
| 10 | Државен инспекторат за животна средина | ДИЖС |
| 11 | Државен инспекторат за земјоделство | ДИЗ |
| 12 | Државен инспекторат за локална самоуправа | ДИЛС |
| 13 | Државен инспекторат за просвета | ДИП |
| 14 | Државен инспекторат за техничка инспекција | ДИТИ |
| 15 | Државен инспекторат за транспорт | ДИТ |
| 16 | Државен инспекторат за шумарство и ловство | ДИШЛ |
| 17 | Државен комунален инспекторат | ДКИ |
| 18 | Државен пазарен инспекторат | ДПИ |
| 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | ДСЗИ |
| 20 | Државен трудов инспекторат | ДТИ |
| 21 | Државен управен инспекторат | ДУИ |
| 22 | Европска унија | ЕУ |
| 23 | Закон за инспекциски надзор | ЗИН |
| 24 | Инспекциски совет | ИС |
| 25 | Министерство за здравство – Сектор за хемикалии | МЗ-Хем. |
| 26 | Министерство за култура | МК |
| 27 | Министерство за транспорт и врски –Капетанија на пристаништата Охрид | МТВ-КПО |
| 28 | Министерство за труд и социјална политика | МТСП |
| 29 | Управа за заштита на железничкиот систем | УСЖС |
| 30 | Управа за заштита на културното наследство | УЗКН |
| 31 | Центар за управување со кризи | ЦУК |

# 1 РЕЗИМЕ

Инспекцискиот совет (во натамошниот текст: ИС), согласно член 35, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19) (во натамошниот текст: ЗИН), доставува за информирање до Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ВРСМ), Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2022 година, кој се објавува на веб страната на ИС.

Овој Годишен извештај е подготвен врз основа на податоци и информации со кои располага Инспекцискиот совет и ја следи содржината и формата на Годишниот извештај за работа на инспекциските служби, која е пропишана согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 238/19).

Воведувањето на проценката на ризик овозможи зголемување на квалитетот на процесот на планирање, но пред сѐ, зголемување на предвидливоста на инспекцискиот надзор, подобрување на транспарентноста на планирањето, зголемување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор и, секако, намалување на трошоците за спроведување на оваа функција на државата. Намалувањето на трошоците нема да биде само на страната на јавниот буџет, туку и на страната на буџетите на субјектите на надзор.

Овој извештај дава објективна слика на управувањето со ризиците на начин кој е пропишан со ЗИН и Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 247/19), бидејќи инспекциските служби започнаа со подготвување на своите Методологии за проценка на ризик на почетокот на 2020 година, така што нивната примена во некои од инспекциските служби започна во 2021 година додека кај некои инспекциски служби започна со реализација на Годишните планови за работа за 2022 година.

Во системот на координација на ИС се вклучени 28 инспекциски служби, од кои 15 се организирани како органи во состав на министерствата, односно како државни инспекторати за соодветната област, додека 13 се организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа, односно сектори или одделенија за инспекциски надзор.

Според податоците презентирани во Табела 1, во 2022 година, инспекциски надзор вршеле вкупно 889 инспектори во 28 инспекциски служби, а во 9 инспекциски служби се вработени 46 инспектори (1 помошник главен инспектор, 3 виш инспектори, 20 советници инспектори, 1 помошник инспектор и 21 помлад инспектор), додека во пензија заминале вкупно 68 инспектори (11 виши инспектори, 50 советници инспектори, 6 самостојни инспектори и 1 помлад инспектор).

Неповолната старосна структура е особено изразена кај големите инспекциски служби (Табела 2). Во ДПИ 23,2% од инспекторите се постари од 60 години, во ДТИ 29%, во ДИГУ 26,6%, во ДИТИ 44% и во ДИП 16,3%.

Согласно ЗИН, редовниот надзор се планира со годишниот и месечниот план за инспекциски надзор, а врз основа на проценката на ризик, вонредниот инспекциски надзор во месечниот план се презентира како број на очекувани вонредни надзори, додека контролниот инспекциски надзор се врши само по службена должност и како последица на веќе спроведен редовен или вонреден инспекциски надзор, при кој е изречена инспекциска мерка.

Според податоците прикажани во Табела 4, во 2022 година инспекциските служби реализирале вкупно 182,215 инспекциски надзори, од кои 61,116 редовни, 100.626 вонредни и 20,473 контролни надзори, а во вкупно 182,215 инспекциски надзори, се утврдени 21,545 неправилности. Највисок просек на извршени инспекциски надзори по инспектор дневно, има во АХВ, ДИЗ, ДПИ и ДТИ на другата страна, најнизок просек имаат остварено инспекторите во ДДИ, УСЖС и АМС.

ИС во текот на 2022 година, за сите инспекциски служби, организирал Интерактивни обуки за стекнување на лиценца за инспектор и Генерички обуки за инспекторите во инспекциските служби. Покрај овие обуки организирани од ИС, повеќето инспекциски служби организирале специјализирани обуки на теми поврзани со нивниот делокруг на работа (Табела 6).

Буџетските средства, со кои располагаат инспекциските служби, не успеваат да ја покријат реализацијата на предвидените активности согласно нивните Годишни планови за работа. Најголем дел од буџетот е распределен за покривање на основните плати и придонесите за социјално осигурување на вработените, средства за патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договори и услуги, други тековни расходи, купување на опрема и мебел, средства за набавка на компјутерски софтвер и купување на возила (Табела 7).

Поголем дел од инспекциските служби во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ, соработуваат со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите кои ги третираат, имаат склучено и меморандуми за соработка со голем број институции.

## 2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Воведувањето на проценката на ризик овозможи зголемување на квалитетот на процесот на планирање, но пред сè, зголемување на предвидливоста на инспекцискиот надзор, подобрување на транспарентноста на планирањето, зголемување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор и, секако, намалување на трошоците за спроведување на оваа функција на државата.

Управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на инспекциските служби. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на идентификување на ризици, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците, како и утврдување на соодветни внатрешни мерки.

Управувањето со ризиците овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во инспекциските служби на прифатливо ниво со спроведување на мерки, кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик. Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да бидат управувани.

Месечните планови за инспекциски надзор се важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи правилно се распоредуваат ресурсите со цел да постигнат максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на месечните планови во извештајниот период во најголем дел се засновани врз проценката на ризиците. Квалитетот на извршувањето на плановите е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Менаџирањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба, според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба, по претходно мислење на ИС за усогласеност со Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик.

Пристапот базиран на менаџирање со ризици се потпира на факторите на ризик кои произлегуваат од достапните податоци и информации кои се собрани при претходно извршените

надзори. Колку повеќе ризик-фактори постојат, толку е поголема веројатноста да се пронајдат неправилности, што пак резултира со повисоко ниво на следење и надзор. Информациите за овие ризик фактори се прибираат од повеќе извори. Преку користење на ефективен начин на известување, кој се развива со насобраното искуство, инспекциската служба ќе биде во можност да ги насочи ресурсите онаму каде што е потребно поголемо внимание, како и да иницира посебни инспекциски надзори за одредени прашања, а кои се валидирани со проверка на досието (предметот).

Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности и има можност навремено да реагираат на нив.

Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

Одредени ризици, а особено оние поврзани за здравјето, безбедноста и животната средина се со висок ризик и тука е оправдано поголемо ниво на мониторинг и навлегување во проверките на субјектите на надзор. Други пак, ризици можат да бидат едноставни технички неправилности и истите не оправдуваат трошење на време и средства за да се пронајдат, а поради што би се занемариле други посериозни неправилности.

Фокусирањето кон ризиците треба да се примени во одредувањето на тоа толку често треба да се врши надзор на субјектите. Субјектите за кои е веројатно дека се усогласени со правилата потребно е поретко да бидат контролирани отколку оние кои работат во поризичен сектор или пак кај кои биле утврдени значајни неправилности во минатото.

Покрај планираните субјекти за надзор земени од регистрите за месечните планови, инспекторите вршат голем број на инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, и постапуваат по барање на субјекти, а извршените надзори ги евидентираат во месечните/шестмесечните извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори, согласно ЗИН.

Инспекциските служби мора да имаат во предвид да извршат правилна проценка дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот, односно истата ќе придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво.

Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на плановите за работа, за наредниот период.

# 3 ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Организацијата и раководењето на инспекциските служби, е утврдена со ЗИН, материјалните закони, како и Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места на инспекциските служби. Треба да се нагласи дека кај поголем дел од инспекциските служби материјалните закони се уште не е усогласени со ЗИН, иако тој е во примена уште од ноември 2019 година. Оваа состојба предизвикува потешкотии, не само во организацијата и раководењето со инспекциските служби, туку и во спроведувањето на нивната основна задача, а тоа е инспекцискиот надзор над примената на законите за кои се овластени одделните инспекциски служби.

Според организациската поставеност, во согласност со член 26 од ЗИН, инспекциските служби кои се во системот на координација на ИС, се организирани како органи во состав на министерствата, односно како државни инспекторати за соодветната област и такви постојат 15, како и организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа, односно како сектори или одделенија за инспекциски надзор и такви постојат 13.

Државните инспекторати ги раководат директори, додека со инспекциските служби организирани како сектори и одделенија, раководат раководни инспектори, кои раководат со соодветните сектори или одделенија. Треба да се нагласи дека во само 5 (пет) инспекциски служби, кои се организирани како организациски единици во органите на државната управа, има раководители, додека во останатите 8 (осум) служби, не се назначени односно не се пополнети соодветните раководни работни места, што создава исклучително неповолна состојба, која многу негативно се одразува на целокупното работење на тие служби.

Во овој извештај даден е преглед и на состојбата со бројот на инспектори во инспекциските служби кои вршеле инспекциски надзори, според податоци со кои располага ИС. Според податоците презентирани во Табела 1, подолу, во 2022 година, инспекциски надзор вршеле вкупно 889 инспектори, во 28 инспекциски служби.

Иако, овој број е релативно голем, сепак дури 70% од инспекторите се вработени во најголемите пет инспекциски служби (Табела 1 – означени со зелена боја), односно во ДПИ, ДТИ, ДИЗ, АХВ и ДИП. На спротивниот крај, најмалите седум инспекциски служби (Табела 1 – означени со розова боја), располагаат само со по 2 инспектори или вкупно заедно само 1,8% од вкупниот број на инспектори.

Во однос на 2021 година, вкупниот број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор е зголемен за 31 инспектор, односно за 3,5 %. Сепак, ако се погледне детално, податоците покажуваат дека само кај 9 инспекциски служби има зголемување на бројот на инспектори,

односно вкупно 46. При тоа, најголемо зголемување е забележано кај АХВ за 15 инспектори и кај ДИЗ за 9 инспектори.

На друга страна пак, кај шест инспекциски служби е забележано намалување на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор за вкупно 14, од кои 8 се во ДИП, додека кај останатите 10 инспекциски служби бројот на инспекторите кои вршеле надзори е идентичен како и претходната 2021 година.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по звање*

| РБ | Инспекциска служба | Б1 генерален инспектор | Б2 главен инспектор | Б3 пом. главен инспектор | Б4 виш инспектор | В1 советник инспектор | В2 самостоен инспектор | В3 помошник инспектор | В4 помлад инспектор | Вкупно Б | Вкупно В | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДПИ | 0 | 1 | 0 | 7 | 86 | 6 | 0 | 55 | 8 | 147 | 155 |
| 2 | ДТИ | 1 | 1 | 2 | 7 | 88 | 0 | 1 | 5 | 11 | 94 | 105 |
| 3 | ДИТИ | 0 | 1 | 0 | 3 | 9 | 0 | 0 | 5 | 4 | 14 | 18 |
| 4 | ДДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 5 | ДИЖС | 0 | 2 | 0 | 2 | 15 | 0 | 0 | 2 | 4 | 17 | 21 |
| 6 | ДСЗИ | 1 | 2 | 1 | 9 | 23 | 0 | 3 | 5 | 13 | 31 | 44 |
| 7 | МАЛМЕД | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 3 | 6 |
| 8 | МЗ-Хем. | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 |
| 9 | ДРС | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 |
| 10 | ДЗС | 1 | 0 | 2 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 3 | 14 | 17 |
| 11 | ЦУК | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| 12 | ДИТ | 0 | 0 | 0 | 1 | 17 | 0 | 1 | 3 | 1 | 21 | 22 |
| 13 | ДИГУ | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | 5 | 7 |
| 14 | ДКИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 |
| 15 | МТВ-КПО | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 16 | УСЖС | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| 17 | ДИЗ | 0 | 3 | 0 | 4 | 93 | 6 | 3 | 10 | 7 | 112 | 119 |
| 18 | ДИШЛ | 0 | 1 | 0 | 2 | 16 | 0 | 0 | 0 | 3 | 16 | 19 |
| 19 | АХВ | 0 | 1 | 0 | 3 | 129 | 2 | 8 | 41 | 4 | 180 | 184 |
| 20 | ДИП | 0 | 1 | 0 | 5 | 55 | 0 | 0 | 0 | 6 | 55 | 61 |
| 21 | МК-К | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 5 |
| 22 | УЗКН | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| 23 | ДУИ | 0 | 2 | 0 | 2 | 19 | 4 | 0 | 12 | 4 | 35 | 39 |
| 24 | ДИЛС | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 3 |
| 25 | ДАРСМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 8 | 0 | 13 | 13 |
| 26 | МТСП-СДЗ | 1 | 0 | 0 | 3 | 15 | 0 | 0 | 2 | 4 | 17 | 21 |
| 27 | АМС | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 |
| 28 | ИУЈ | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 0 | 6 | 6 |
| | ВКУПНО | 6 | 18 | 6 | 55 | 606 | 20 | 18 | 160 | 85 | 804 | 889 |

Неповолната старосна структура и понатаму е критична карактеристика на инспекциските служби (Табела 2), особено кај одделни инспекциски служби. Најголем број од инспекторите, вкупно 33% се постари од 50 години, за 18% помалку во однос на претходната година, а 17% од нив се постари од 60 години. Тоа значи дека состојбата се подобрува, но и понатаму, покрај зголемувањето на бројот на инспектори, треба да се посвети исклучително големо внимание на „подмладување" на инспекциските служби.

При тоа треба да има предвид дека "создавањето" на инспектори е долготраен процес, бидејќи во најголем број на случаи станува збор за кандидати за инспектори кои треба да поминат 12 месеци на обука, пред да се стекнат со лиценца за инспектор, по што се овластени да спроведуваат инспекциски надзор. Во таа смисла, треба поголема ангажираност на инспекциските служби, но и поголема флексибилност на соодветните министерства при одобрувањето на нови вработувања, во случаите на замена на инспектори кои заминуваат во пензија.

*Табела 2 Преглед на бројот на инспектори во инспекциските служби во 2022 година, по вид, возраст и звање*

| Вид | Ниво - Звање/Возраст | Б1 – генерален инспектор | Б2 – главен инспектор | Б3 – пом. главен инспектор | Б4 – виш инспектор | В1 – советник инспектор | В2 – самостоен инспектор | В3 – помошник инспектор | В4 – помлад инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Државен пазарен инспектор | <30 г. | | | | | | | | 4 | 4 |
| | 31-40 г. | | | | 1 | 10 | 1 | | 28 | 40 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 22 | 1 | | 20 | 44 |
| | 51-60 г. | | | | 3 | 25 | | | 3 | 31 |
| | >60 г. | | 1 | | 2 | 29 | 4 | | | 36 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 7 | 86 | 6 | 0 | 55 | 155 |
| Државен инспектор за труд | <30 г. | | | 1 | | | | | 5 | 6 |
| | 31-40 г. | | | | 2 | 21 | | 1 | | 24 |
| | 41-50 г. | | 1 | | | 19 | | | | 20 |
| | 51-60 г. | 1 | | 1 | 2 | 23 | | | | 27 |
| | >60 г. | | | | 3 | 25 | | | | 28 |
| | Вкупно | 1 | 1 | 2 | 7 | 88 | 0 | 1 | 5 | 105 |
| Државен инспекторат за техничка инспекција | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 41-50 г. | | | | 2 | 3 | | | 3 | 8 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | 1 | | 1 | 6 | | | | 8 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 3 | 9 | 0 | 0 | 5 | 18 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Државен девизен инспекторат | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 41-50 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Државен инспекторат за животна средина | <30 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 31-40 г. | | | | | 2 | | | | 2 |
| | 41-50 г. | | | | | 5 | | | 1 | 6 |
| | 51-60 г. | | 2 | | 2 | 7 | | | | 11 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 2 | 0 | 2 | 15 | 0 | 0 | 2 | 21 |
| Државен санитарен и здравствен инспекторат | <30 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 6 | | 2 | 3 | 12 |
| | 51-60 г. | 1 | 1 | 1 | 6 | 10 | | 1 | 1 | 21 |
| | >60 г. | | 1 | | 2 | 6 | | | | 9 |
| | Вкупно | 1 | 2 | 1 | 9 | 23 | 0 | 3 | 5 | 44 |
| Агенција за лекови и медицински средства | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 41-50 г. | | 1 | 1 | 1 | 2 | | | | 5 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Министерство за здравство - Сектор за хемикалии | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| Дирекција за радијациона сигурност | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | 2 | | | | 2 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| Дирекција за заштита и спасување | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | 1 | | 4 | | | | 5 |
| | 41-50 г. | 1 | | | | 6 | | | | 7 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 51-60 г. | | | 1 | | 3 | | | | 4 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 1 | 0 | 2 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| Центар за управување со кризи | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Државен инспекторат за транспорт | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 41-50 г. | | | | | 2 | | 1 | | 3 |
| | 51-60 г. | | | | | 12 | | | | 12 |
| | >60 г. | | | | | 6 | | | | 6 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 1 | 0 | 22 |
| Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | <30 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 31-40 г. | | | | | | 1 | | | 1 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 1 | | | | 2 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | 1 | 2 | | | | 3 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 0 | 1 | 7 |
| Државен комунален инспекторат | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | | 1 | 2 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 4 |
| Министерство за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата Охрид | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 51-60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Управа за сигурност во железничкиот систем | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Државен инспекторат за земјоделство | <30 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 31-40 г. | | | | | 8 | | 2 | 3 | 13 |
| | 41-50 г. | | | | 3 | 29 | 4 | 1 | 4 | 41 |
| | 51-60 г. | | 3 | | | 48 | 1 | | | 52 |
| | >60 г. | | | | 1 | 8 | 1 | | 1 | 11 |
| | Вкупно | 0 | 3 | 0 | 4 | 93 | 6 | 3 | 10 | 119 |
| Државен инспекторат за шумарство и ловство | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | 1 | | | 3 | | | | 4 |
| | 51-60 г. | | | | 2 | 9 | | | | 11 |
| | >60 г. | | | | | 4 | | | | 4 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 2 | 16 | 0 | 0 | 0 | 19 |
| Агенција за храна и ветеринарство | <30 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 31-40 г. | | | | | 7 | | 1 | 16 | 24 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 38 | 1 | 5 | 20 | 65 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 1 | 62 | 1 | 1 | 3 | 69 |
| | >60 г. | | | | 1 | 22 | | 1 | | 24 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 3 | 129 | 2 | 8 | 41 | 184 |
| Државен просветен инспекторат | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 3 | | | | 3 |
| | 41-50 г. | | | | 2 | 22 | | | | 24 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 2 | 21 | | | | 24 |
| | >60 г. | | | | 1 | 9 | | | | 10 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 5 | 55 | 0 | 0 | 0 | 61 |
| Министерство за култура | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | 1 | | 1 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 1 | | | | 2 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 1 | | | | | 2 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 5 |
| Управа за заштита на културното наследство | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | 1 | | | | | | | | 1 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Државен управен инспекторат | <30 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 31-40 г. | | 1 | | 1 | 5 | | | 7 | 14 |
| | 41-50 г. | | 1 | | | 4 | | | 3 | 8 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 51-60 г. | | | | | 6 | 3 | | | 9 |
| | >60 г. | | | | 1 | 4 | 1 | | | 6 |
| | Вкупно | 0 | 2 | 0 | 2 | 19 | 4 | 0 | 12 | 39 |
| Државен инспекторат за локална самоуправа | <30 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | | | | | 1 | 1 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | 1 | | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 |
| Државен архив на Република Северна Македонија | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | | 4 | 5 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | | 4 | 5 |
| | 51-60 г. | | | | | 1 | | 1 | | 2 |
| | >60 г. | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 8 | 13 |
| Министерство за труд и социјална политика | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | 1 | 3 | | | 2 | 6 |
| | 41-50 г. | | | | | 5 | | | | 5 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 1 | 7 | | | | 9 |
| | >60 г. | | | | 1 | | | | | 1 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 3 | 15 | 0 | 0 | 2 | 21 |
| Агенција за млади и спорт | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | | 2 | | | 1 | 3 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| Инспекторат за употреба на јазиците | <30 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | 2 | 2 |
| | 41-50 г. | | | | | 2 | | | | 2 |
| | 51-60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | >60 г. | | | | | | | | | 0 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 6 |
| Вкупно инспектори | <30 г. | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 20 | 22 |
| | 31-40 г. | 1 | 1 | 1 | 5 | 68 | 2 | 5 | 67 | 150 |
| | 41-50 г. | 2 | 5 | 1 | 13 | 177 | 6 | 9 | 61 | 274 |
| | 51-60 г. | 2 | 10 | 3 | 20 | 240 | 5 | 3 | 7 | 290 |
| | >60 г. | 0 | 3 | 0 | 15 | 127 | 6 | 1 | 1 | 153 |
| | Вкупно | 5 | 19 | 6 | 53 | 613 | 19 | 18 | 156 | 889 |

Графикон 1 Возрасна структура на инспекторите во инспекциските служби




Сепак, поради заложбите на ВРСМ за оптимизација на јавната администрација преку соодветни промени во нејзината структура и квалитет, во наредниот период состојбата во оваа смисла може да се подобрува, но, само преку замена на инспекторите кои заминуваат во пензија или преку внатрешно прераспоредување и преземање на вработени од други институции. Во овој контекст, во повеќе инспекциски служби во текот на 2022 година, се вработени нови кандидати за инспектори (Табела 3), но, нивниот придонес се очекува да даде ефект откако ќе се стекнат со лиценца за инспектор, односно по завршувањето на нивната обука која трае 12 месеци.

Во текот на 2022 година, во сите инспекциски служби реализирани се 46 унапредувања или нови вработувања на инспектори и тоа: 1 помошник главен инспектор, 3 виши инспектори, 20 советници инспектори, 1 помошник инспектор, 21 помлад инспектори.

Истовремено, во текот на 2022 година, на 68 инспектори им престанал работниот однос поради заминување во пензија, и тоа: 11 виши инспектори, 50 советник инспектори, 6 самостојни инспектори и 1 помлад инспектор (Табела 3).

*Табела 3 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2021 година, во селектирани инспекциски служби*

| Вид | Вработувања/ Пензионирања | Б1 – ген. инспектор | Б2 – главен инспектор | Б3 – пом. глав. инспектор | Б4 – виш инспектор | В1 – советник инспектор | В2 – сам. инспектор | В3 – пом. инспектор | В4 – помлад инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДПИ | **Вработување** | | | | | | | | | 0 |
| | **Пензионирање** | | | | 4 | 11 | 2 | | | 17 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 0 | -4 | -11 | -2 | 0 | 0 | -17 |
| ДТИ | **Вработување** | | | 1 | 1 | 11 | | 1 | 12 | 26 |
| | **Пензионирање** | | | | 1 | 20 | | | | 21 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 1 | 0 | -9 | 0 | 1 | 12 | 5 |
| ДИТИ | **Вработување** | | | | | | | | | 0 |
| | **Пензионирање** | | | | | | | | | 0 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДДИ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДИЖС | **Вработување** | | | | | | | | | 0 |
| | **Пензионирање** | | | | | | | | | 0 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДСЗИ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | 1 | 3 | | | | 4 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | -1 | -3 | 0 | 0 | 0 | -4 |
| МАЛМЕД | **Вработување** | | | | | | | | | 0 |
| | **Пензионирање** | | | | | | | | | 0 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| МЗ-Хем. | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДРС | **Вработување** | | | | | | | | | 0 |
| | **Пензионирање** | | | | | | | | | 0 |
| | **Разлика** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДЗС | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЦУК | **Вработување** | | | | | | | | 1 | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пензионирање | | | | | | 1 | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 1 | 0 |
| ДИТ | Вработување | | | | | 4 | | | | 4 |
| | Пензионирање | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ДИГУ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | 1 | 1 | | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | -1 | -1 | 0 | 0 | 0 | -2 |
| ДКИ | Вработување | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Пензионирање | | | | | 1 | 1 | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | -1 | 0 | 0 | 0 |
| МТВ-КПО | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 0 | 0 | -1 |
| УСЖС | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДИЗ | Вработување | | | | | 3 | | | 1 | 4 |
| | Пензионирање | | | | 1 | 3 | | | | 4 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| ДИШЛ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 0 | 0 | -1 |
| АХВ | Вработување | | | | | | | | 1 | 1 |
| | Пензионирање | | | | | 1 | | | 1 | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 0 | 0 | -1 |
| ДИП | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | 1 | 3 | | | | 4 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | -1 | -3 | 0 | 0 | 0 | -4 |
| МК | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УЗКН | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДУИ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | 2 | 2 | | | 4 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -2 | -2 | 0 | 0 | -4 |
| ДИЛС | Вработување | | | | | | | | | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДАРСМ | Вработување | | | | | | | | 5 | 5 |
| | Пензионирање | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -2 | 0 | 0 | 5 | 3 |
| МТСП-ДЗ | Вработување | | | | 2 | | | | | 2 |
| | Пензионирање | | | | 2 | | | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| АМС | Вработување | | | | | | | | 1 | 1 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| ИУЈ | Вработување | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирање | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | Вработување | 0 | 0 | 1 | 3 | 20 | 0 | 1 | 21 | 46 |
| | Пензионирање | 0 | 0 | 0 | 11 | 50 | 6 | 0 | 1 | 68 |
| | Разлика | 0 | 0 | 1 | -8 | -30 | -6 | 1 | 20 | -22 |

# 4 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден и контролен. Согласно ЗИН, редовниот надзор е планиран со годишниот и месечниот план за инспекциски надзор, а врз основа на проценката на ризик. Вонредниот инспекциски надзор во месечниот план се презентира како број на очекувани вонредни надзори. За спроведување на вонреден инспекциски надзор потребен е налог од директорот, односно раководителот на инспекциската служба, кој пак се издава по службена должност или по поднесени иницијативи од физичко или правно лице, како и по налог од ИС. Контролниот инспекциски надзор се врши само по службена должност и како последица на веќе спроведен редовен или вонреден инспекциски надзор, при кој е изречена инспекциска мерка.

Во Табела 4 се прикажани вкупниот број на откриени неправилности и инспекциски надзори, по вид, кои се извршени во 2022 година од одделните инспекциски служби. Според податоците од инспекциските служби кои имаат доставено полугодишни извештаи за својата работа, вкупно се реализирани 182,215 инспекциски надзори, од кои  редовни, 61,116, вонредни 100.626 и 20,473 контролни надзори, додека при вршење на  инспекциските надзори, се утврдени 21,545 неправилности.

Споредено со 2021 година вкупниот број на реализиарни инспекциски надзори е поголем за 10,368 надзори или за 5.6%, од обработените податоците се забележува дека бројот на инспекциски надзори при кои се утврдени неправилности, е зголемен за 2.6% во однос на претходната година, и изнесува 21,545.

По области на надлежност на ИС, најголем број на надзори се спроведени во Област 4 – земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, вкупно 101.179, што претставува зголемување на релативното учество на оваа област за 1,5 % во однос на претходната 2021 година. Најмалку инспекциски надзори се спроведени во Област 3 – градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт, само 4.117 надзори, но тоа пак е за 10,5% намалување на учеството на оваа област, во однос на претходната година.

По инспекциски служби, најголем број на инспекциски надзори имаат спроведено, се разбира најголемите инспекциски служби (Табела 4 – означени со зелена боја). Но за да може да се согледа ефикасноста и продуктивноста на одделните инспекциски служби, вистински показател е просечниот број на извршени инспекциски надзори по инспектор дневно. Во таа смисла, на ниво на инспекциски систем просекот изнесува 0,91 инспекциски надзори по инспектор дневно, што е зголемен за 2,2% во однос на претходната 2021 година. Уште позначајно е што во 2022 година продолжува негативниот тренд, со оглед дека во 2019 година овој просек изнесувал 1,39. Сепак, треба да се нагласи дека доколку се изземат четирите најголеми инспекциски служби (ДПИ, ДТИ, ДИЗ и АХВ), чиј просек е 1,21 (зголемен во однос на претходната година за 2,4%), тогаш во останатите инспекциски служби ефикасноста е значително пониска и изнесува само 0,21 инспекциски надзори по инспектор по ден (4,7% зголемување во однос на 2021 година), (Графикон 2).

*Графикон 2 Просечен број на извршени надзори по инспектор, дневно*




Структурата на видовите на инспекциски е важен показател за усогласеноста со барањата за спроведувањето на законодавството од страна на субјектите на надзор. Имено, целта е во структурата да доминираат редовни односно однапред планирани инспекциски надзори, додека бројот на вонредни надзори да биде што помал, имајќи во вид дека тие вообичаено се спроведуваат врз основа на поплака, жалба или слично. Во тој контекст, исто така и бројот на контролните надзори е важен показател за успешноста во спроведувањето на законодавството, бидејќи тие надзори се организираат само тогаш кога во претходна постапка, при редовен или вонреден надзор, е утврдена неправилност.

Во однос на структурата на видовите на инспекциски надзор по области на надлежност и вкупно (Графикон 3), евидентно е дека и во 2022 година во вкупниот број на инспекциски надзори доминираат вонредните инспекциски надзори, додека најмало учество имаат контролните надзори (Табела 4). Од Графиконот 3, може да се види дека и во 2022 година, исклучително неповолна структура на видовите на надзори има во областите 1 и 4. Тоа што загрижува е трендот на неповолната структура, што укажува на се понесоодветно планирање на работата на инспекциските служби. Имено, во 2019 година вонредните надзори учествувале со 1/3 во вкупниот број на надзори, во 2020 година, нивното учество изнесува 54,9%, во 2021 година тие учествуваат со 58,6%, а во 2022 година со 55%.

Иако ваквата состојба треба да укажува дека во одредени области на делување, значително е поголема „недисциплината“ кај субјектите на надзор, поради што се појавуваат бројни причини за поднесување на претставки или иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзор.

Од друга страна, тоа може да е резултат и на различните разбирања на видовите надзор кои се присутни кај различните инспекциски служби. Последното е прашање кое бара поинаков пристап со цел елиминирање на различностите во разбирањето.

Табела 4 Вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид за 2022 година

| Ред. Бр. | Област/ Инсп.служба | Редовен | Вонреден | Контролен | Вкупно надзори | Вкупно неправилно сти | Неправилнос т / Надзор | Неправилност/ Контр.надзор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | Област 1 | 11,038 | 31,088 | 12,629 | 54,755 | 11,436 | 0.27 | 0.91 |
| 1 | ДПИ | 3,820 | 18,428 | 6,528 | 28,776 | 8,300 | 0.37 | 1.27 |
| 2 | ДТИ | 6,315 | 12,558 | 6,044 | 24,917 | 3,100 | 0.16 | 0.51 |
| 3 | ДИТИ | 898 | 91 | 57 | 1,046 | 36 | 0.04 | 0.63 |
| 4 | ДДИ | 5 | 11 | 0 | 16 | 0 | 0.00 | #DIV/0! |
| II. | Област 2 | 6,021 | 2,707 | 1,381 | 10,109 | 1,561 | 0.18 | 1.13 |
| 5 | ДИЖС | 1,369 | 349 | 382 | 2,100 | 369 | 0.21 | 0.97 |
| 6 | ДСЗИ | 3,430 | 1,732 | 708 | 5,870 | 578 | 0.11 | 0.82 |
| 7 | МАЛМЕД | 203 | 154 | 10 | 367 | 11 | 0.03 | 1.10 |
| 8 | МЗ-Хем. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! | #DIV/0! |
| 9 | ДРС | 158 | 23 | 38 | 219 | 45 | 0.25 | 1.18 |
| 10 | ДЗС | 635 | 449 | 243 | 1,327 | 558 | 0.51 | 2.30 |
| 11 | ЦУК | 226 | 0 | 0 | 226 | 0 | 0.00 | #DIV/0! |
| III. | Област 3 | 2,784 | 851 | 482 | 4,117 | 1,374 | 0.38 | 2.85 |
| 12 | ДИТ | 2,563 | 681 | 457 | 3,701 | 1,310 | 0.40 | 2.87 |
| 13 | ДИГУ | 51 | 66 | 5 | 122 | 6 | 0.05 | 1.20 |
| 14 | ДКИ | 149 | 22 | 16 | 187 | 16 | 0.09 | 1.00 |
| 15 | МТВ-КПО | 20 | 77 | 0 | 97 | 35 | 0.36 | #DIV/0! |
| 16 | УСЖС | 1 | 5 | 4 | 10 | 7 | 1.17 | 1.75 |
| IV, | Област 4 | 33,732 | 62,950 | 4,497 | 101,179 | 4,782 | 0.05 | 1.06 |
| 17 | ДИЗ | 2,095 | 44,135 | 640 | 46,870 | 844 | 0.02 | 1.32 |
| 18 | ДИШЛ | 1,197 | 690 | 171 | 2,058 | 252 | 0.13 | 1.47 |
| 19 | АХВ | 30,440 | 18,125 | 3,686 | 52,251 | 3,686 | 0.08 | 1.00 |
| V. | Област 5 | 5,060 | 1,272 | 330 | 6,662 | 572 | 0.09 | 1.73 |
| 20 | ДИП | 5,034 | 967 | 283 | 6,284 | 477 | 0.08 | 1.69 |
| 21 | МК-К | 22 | 69 | 34 | 125 | 38 | 0.42 | 1.12 |
| 22 | УЗКН | 4 | 236 | 13 | 253 | 57 | 0.24 | 4.38 |
| VI. | Област 6 | 2,481 | 1,758 | 1,154 | 5,393 | 1,820 | 0.43 | 1.58 |
| 23 | ДУИ | 432 | 1,394 | 667 | 2,493 | 873 | 0.48 | 1.31 |
| 24 | ДИЛС | 1,191 | 82 | 6 | 1,279 | 8 | 0.01 | 1.33 |
| 25 | ДАРСМ | 591 | 5 | 259 | 855 | 260 | 0.44 | 1.00 |
| 26 | МТСП-СДЗ | 164 | 239 | 212 | 615 | 572 | 1.42 | 2.70 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | АМС | 21 | 24 | 6 | 51 | 16 | 0.36 | 2.67 |
| 28 | ИУЈ | 82 | 14 | 4 | 100 | 91 | 0.95 | 22.75 |
| | ВКУПНО | 61,116 | 100,626 | 20,473 | 182,215 | 21,545 | 0.13 | 1.05 |

Графикон 3 Структура на видовите на инспекциски надзор по области и вкупно



Графикон 4 Структура на видови на инспекциски надзор по инспекциски служби




Во однос на утврдените неправилности, два показатели се важни: 1) односот на бројот на инспекциски надзори при кои се утврдени неправилности, со вкупниот број на редовни и вонредни надзори (Графикон 5), и 2)односот на бројот на инспекциски надзори при кои се утврдени неправилности, со бројот на контролни надзори. Во првиот случај колку е поблиску тој однос до 0 толку повеќе се почитуваат законските барања и обратно колку тој број се доближува кон 1, толку е поголемо непочитувањето на законските барања во одредената област (во случај кога тој број е поголем од 1, тогаш тоа е јасен индикатор дека инспекциската служба има несоодветно разбирање на видовите на надзор).

*Графикон 5 Соодност на утврдени неправилности и вкупен број на редовни и вонредни инспекциски надзори*




Во вториот случај, колку е тој однос помалку од 1 толку повеќе значи дека инспекциските служби не секогаш вршат контролни надзори за да проверат дали утврдената неправилност за која е изречена мерка, е отстранета. Спротивно, доколку е тој однос поголем од 1, тоа значи дека инспекциските служби неправилно ги применуваат различните видови надзори во своето работење.

# 5 ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Вложувањето во човечките ресурси е најважната инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа претпоставува развој на соодветни знаења и вештини кај инспекторите, следење на современите текови во методите на работењето и примена на новините од информатичко - комуникациските технологии.

Системот за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво, ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Целта на обуките за стручно усовршување на инспекторите е стекнување знаења за новитетите во надлежните области за вршење на инспекциски надзор за квалитетно извршување на службените овластувања за соодветните работни места, унапредување на вештините за професионално однесување при извршување на инспекцискиот надзор, како и изградба на личниот интегритет на инспекторите и подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор во надлежните област.

Преку Електронскиот систем за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите (ЛМС платформа), ИС и во 2022 година, им овозможува на инспекторите од сите инспекциски служби, реализација на предвидените теми за генеричка обука. Исто така, преку оваа платформа, е овозможено и спроведувањето на тримесечната интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор, за сите кандидати вработени не само во инспекциските служби на централно ниво, туку и на локално ниво. Врз основа на податоците од ЛМС системот, во 2022 година се издадени вкупно 2.918 сертификати за реализирани генерички обуки (табела број 5)

*Табела 5 – Преглед на издадени сертификати за реализирани генерички обуки по области/теми*

| Бр. | Област / Тема | Издадени сертификати |
|---|---|---|
| Тема 1.1 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | 244 |
| Тема 1.2 | Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор) | 299 |
| Тема 1.3 | Начела и организација, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци) | 258 |
| Тема 1.4 | Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 295 |
| Тема 1.5 | Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење) | 116 |
| Тема 1.6 | Компјутерска обработка на текст | 225 |
| Тема 1.7 | Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 270 |
| Тема 1.8 | Етика | 170 |
| Тема 1.9 | Управување со време | 137 |

| | | |
|---|---|---|
| Тема 1.10 | Комуникација | 165 |
| Тема 1.11 | Управување со стрес | 185 |
| Тема 1.12 | Изработување на управни акти | 151 |
| Тема 1.13 | Спречување корупција | 328 |
| Тема 1.14 | Систем на интегритет во инспекциските служби | 75 |
| | Вкупно | 2918 |

Како што се гледа на Графиконот 6, најголем интерес кај инспекторите во 2022 година, постои за генеричките обуки од областа на општото законодавство, кои ги завршиле 440 од инспекторите. Во овој контекст, најголем број на инспектори вкупно 327, ја завршиле обуката на тема Спречување на корупција, потоа 300 инспектори ја завршиле обуката за Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби и трета најпосетена обука е темата за Инспекциски надзор (ЗИН и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор), што е за очекување, имајќи во предвид дека со ЗИН е воведен нов начин на спроведување на инспекцискиот надзор.

Темите за зајакнување на личните вештини, се предмет на интерес на само 199 инспектори или 11%, што пак укажува на тоа дека инспекторите имаат сеуште поголема потреба да ги прошират своите знаења за општото законодавство, особено имајќи предвид дека клучните закони се во примена само 2-5 години.

*Графикон 6 Преглед на спроведени генерички обуки*



Покрај генеричките обуки, кои ги организира ИС, инспекциските служби се должни да организираат и специјализирани обуки на теми поврзани со нивниот делокруг на работа. Меѓутоа, како што е прикажано во Табела 6, само 14 инспекциски служби, успеале во текот на 2022 година, да ги спроведат планираните специјализирани обуки, главно со поддршка од донаторската заедница, во рамките на проектите кои ги спроведуваат или во рамките на меѓународната соработка.

*Табела 6 Преглед на специјализирани обуки по инспекциски служби*

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ДПИ | Зајакнување на внатрешниот пазар | ЕУ | Јануари – јуни 2022 година |
| 2 | ДТИ | Закон за евиденциите од областа на трудот, Правилник за ЛЗО, Закон за практиканство, | ДТИ | Јануари – јуни 2022 година |
| 3 | ДТИ | Закон за работните односи- Платформа за вработување и социјални прашања | ДТИ | Јануари – јуни 2022 |
| 4 | ДТИ | Правилник за евиденција од областа на безбедност и здравје при работа, Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бвработените во работниот простор и Закон за вработување и работа со странци | ДТИ | Јули - Декември 2022 година |
| 5 | ДТИ | Заштита од дискриминација на работно место, со фокус на јавниот сектор-хоризонтален инструмент на ЕУ/Сиветот на Европа западен балкан и Туирција и РОМАКТЕД | ДТИ | Јули-Декември 2022 година |
| 6 | ДТИ | Унапредување на политиките и практиките за заштита од дискриминација и промоција на еднаквост | Фондација Отворено општество – Македонија | Јули-Декември 2022 година |
| 7 | ДИТИ | ЕУ проект за надзор над пазарот - Слободно движење на стоки | ЕУ | Јули – Декември 2022 година |
| 8 | ДИЖС | Обуки на меѓународно ниво во делот за опасен отпад, и Академија за кривични дела за труење на диви животни - Андалузија ви Шпанија | Секретаријат за европски прашања и Јапонска агенција за животна средина | Јануари – Јуни 2022 година |
| 9 | МАЛМЕД | Супстандардни и фалсификувани лекови за намалување на ризикот по јавното здравје предизвикан од фалсификувани лекови и слични криминални дејствија | Светската здравствена организација и Европскиот Директорат за квалитет на лекови | Јануари-Јуни 2022 година |
| 10 | МАЛМЕД | Улогата на модерно QP- одговорности и предизвици во организација на Центарот за индустриска фармација при Фармацевтскиот | Центар за индустриска фармација, Р. Србија | Септември 2022 година |
| 11 | ДРС | Радијациона сигурност и заштита | Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (МААЕ), Европската комисија и Амбасадата на САД | Јануари – јуни 2022 година |
| 12 | ДРС | Посета на обуки за декомисија, складирање и одлагање | Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (МААЕ) | Јануари – јуни 2022 година |

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 13 | ДРС | Радијациона заштита во нуклеарна медицина, Радијациона сигурност на пациенти во нуклеарната медицина, дијагностички референти, | Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (МААЕ) | Јануари – јуни 2022 година |
| 14 | ДРС | Мониторинг за животната средина и проценка на радијационата заштита, | Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (МААЕ) | Јуни 2022 година |
| 15 | ДРС | Подготовка, спроведување и евалуација на вежба за тестирање на подготвеноста и одговор во случај на вонреден радиолошки и нуклеарен настан | Меѓународна Агенција за Атомска Енергија (МААЕ), Истанбул Турција | Јули 2022 година |
| 16 | ДКИ | TAIEX LTA Обука за управување со отпад и развој на локалната економија | Центар за развој на Скопски плански регион (ЦРСПР) | Јуни 2022 година |
| 17 | ДКИ | Како прочеститеслните станици за отпадни води-ПСОЦ се справуваат со енергетската криза | АДКОМ во сроаботка со компанијата ЕБП од Швајцарија | Јули-декември 2022 година |
| 18 | ДКИ | Дигитална трансформација на јавни водоводни услуги | АДКОМ | Јули-декември 2022 година |
| 19 | ДИГУ | Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корипција | ДКСК | Јануари-јуни 2022 година |
| 20 | ДИЗ | Дискреционите овластувања про донесување на подазконските акти како ризик од корупција во урбанистичкото планирање | ДКСК | Јануари – јуни 2022 година |
| 21 | ДИЗ | Одржлива употреба на пестициди | BTSF- "Better training for safer food", | Јуни 2022 година |
| 22 | ДИЗ | Хигиена на храна при примарно производство - растително производство | BTSF - "Better training for safer food", | Јуни 202 година |
| 23 | ДИЗ | Нов режим на здравје на растенијата – Курс 1 сесија 4, запознавање, надградба и хармонизирано разбирање на прописите на Нов режим на здравје на растенија (*Xylella fastidiosa*), | BTSF - "Better training for safer food", | Мај 2022 година |
| 24 | ДИЗ | Истражување за здравјето на растенија, запознавање, надградба и хармонизирано разбирање на прописите на нов режим на здравје на растенија | BTSF - "Better training for safer food", | Мај 2022 година |
| 25 | ДИЗ | Регулатива за органско производство и означување-етикетирање | Финансиран од Европска унија | Мај 2022 година |
| 26 | ДИЗ | Спроведување истражувања за приоритетни овошни и градинарски култури во ЦЕФТА | | Ноември - декември 2022 година |
| 27 | ДИЗ | Закон за рибарство и аквакултура | Twinning Light project | Ноември-декември 2022 година |
| 28 | ДИЗ | Инспекцисја и калибрација на опрема за апликација на производи за заштита на растенија согласно одредбите на Директива 2019/128/ЕК | BTSF - "Better training for safer food", | Октомври 2022 година |
| 29 | ДИЗ | Истражување на здравје и растенија | BTSF - "Better training for safer food", | Ноември 2022 година |
| 30 | ДИШЛ | Борба против илегални шумски активности | Амбасада на САД | Септември 2022 година |
| 31 | АХВ | Хигиена на храна и флексибилност | АХВ | Јануари – јуни 2022 година |
| 32 | АХВ | Контрола при увоз на граничен премин | АХВ | Јануари – јуни 2022 година |
| 33 | АХВ | Хигиена на храна и контролни програми- месо и производи од месо | АХВ | Јануари – јуни 2022 година |

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 34 | АХВ | Контрола на материјали кои доаѓаат во контакт со храната | АХВ | Јули-декември 2022 година |
| 35 | АХВ | Агенси за подобрување на храната | АХВ | Јули-декември 2022 година |
| 36 | ДИТ | Обука од областите на патниот сообраќај, превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај | ДИТ | Јануари-јуни 2022 година |
| 37 | ДИТ | Работно време на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај | ДИТ | Јануари-јуни 2022 година |

# 6 БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За остварување на законските обврски и цели на инспекциските служби потребни се буџетски средства. За жал, буџетските средства со кои располагаат инспекциските служби не успеваат да ја покријат реализацијата на предвидените активности согласно Годишниот план за работа.

*Табела 7 Буџети на инспекциски служби*

| РБ | Инспекциска служба | плати и надоместоци | стоки и услуги | субвенции и трансфери | капитални расходи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДПИ | 226,398,016 | 35,417,512 | 4,403,746 | 3,604,764 | 269,824,038 |
| 2 | ДТИ | 119,777,930 | 14,263,607 | 271,966 | 774,494 | 135,087,997 |
| 3 | ДИТИ | 16,828,953 | 1,541,277 | 346,574 | 1,304,523 | 20,021,327 |
| 4 | ДДИ | | | | | 1,899,839 |
| 5 | ДИЖС | 17,739,279 | 5,400,769 | 291,305 | 7,783,111 | 31,214,464 |
| 6 | ДСЗИ | 49,563,000 | 19,703,000 | 317,000 | 1,300,000 | 70,883,000 |
| 7 | МАЛМЕД | | | | | 0 |
| 8 | МЗ-Хем. | | | | | 0 |
| 9 | ДРС | 1,261,520 | 380,000 | 0 | 82,000 | 1,723,520 |
| 10 | ДЗС | 0 | 120,000 | 0 | 0 | 120,000 |
| 11 | ЦУК | 0 | 96,780 | 0 | 0 | 96,780 |
| 12 | ДИТ | 34,498,801 | 7,119,055 | 682,180 | 4,164,449 | 46,464,485 |
| 13 | ДИГУ | 19,968,361 | 5,049,675 | 577,132 | 795,196 | 26,390,364 |
| 14 | ДКИ | 6,757,837 | 1,430,990 | 277,506 | 303,795 | 8,770,128 |
| 15 | МТВ-КПО | | | | | 0 |
| 16 | УСЖС | 0 | 540,000 | 0 | 0 | 540,000 |
| 17 | ДИЗ | 97,742,129 | 26,816,405 | 2,746,882 | 4,421,485 | 131,726,901 |
| 18 | ДИШЛ | 28,787,543 | 4,906,867 | 354,574 | 405,093 | 34,454,077 |
| 19 | АХВ | 120,276,000 | 21,227,800 | 251,000 | 4,166,000 | 145,920,800 |
| 20 | ДИП | 61,438,687 | 5,021,281 | 394,923 | 271,097 | 67,125,988 |
| 21 | МК-К | 4,474,198 | 0 | 0 | 0 | 4,474,198 |
| 22 | УЗКН | 2,266,906 | 39,264 | 0 | 0 | 2,306,170 |
| 23 | ДУИ | 41,641,174 | 6,755,982 | 1,230,687 | 337,178 | 49,965,021 |
| 24 | ДИЛС | 5,034,959 | 1,723,347 | 70,000 | 224,144 | 7,052,450 |
| 25 | ДАРСМ | 628,800 | 204,400 | 0 | 300,000 | 1,133,200 |
| 26 | МТСП-СДЗ | 9,719,158 | | | | 9,719,158 |
| 27 | АМС | 2,817,684 | | | | 2,817,684 |
| 28 | ИУЈ | 8,869,054 | 2,984,789 | 171,238 | 129,109 | 12,154,190 |
| | ВКУПНО | 876,489,989 | 160,742,800 | 12,386,713 | 30,366,438 | 1,079,985,940 |

* Забелешка: Трите инспекциски служби, кај кои е прикажан вкупен буџет 0, не доставиле податоци за буџетот со кој располагаат.

Според информациите и податоците кои ги доставиле 25 инспекциска служба (Табела 7), вкупните буџетски средства со кои располагале во 2022 година, изнесуваат повеќе од 1 милијарда денари: При тоа, треба да се има во предвид дека инспекциските служби кои се организирани како организациски единици во рамките на органите на државната управа, немаат јасно разграничен буџет како посебна буџетска програма, што го оневозможува деталното разгледување на нивното финансиско работење.

Најголем дел од буџетот, дури 81%, е распределен во ставката плати и надоместоци, односно за покривање на основните плати и придонесите за социјално осигурување на вработените во инспекциските служби (Графикон 7). Многу помалку, само 15% од буџетот е распределен во ставката стоки услуги, кој е наменет за трошоците за патни и дневни расходи, комунални услуги, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи. Во ставката капитални расходи се распределени само 3% од буџетите на инспекциските служби, средства кои се наменети за купување на опрема и мебел, компјутерски хардвер и софтвер и купување на возила.

Графикон 7 Структура на буџетот на инспекциските служби во 2022 година



Ако се направи анализа на буџетските средства по инспектор, не сметајќи ги средствата за плати и надоместоци, тогаш се добива пореална претстава колку средства се алоцирани за работа на секој инспектор во инспекциските служби. Овој индикатор во просек изнесува 228.904 денари, но, за жал ако се погледне Графиконот 8, се гледа дека состојбата е многу различна во одделните инспекциски служби, и се движи од 7.059 денари по инспектор, во ДЗС, до максимални 917,429 денари по инспектор во ДИГУ.

*Графикон 8 Буџетски средства по инспектор (не сметајќи ги средствата за плати и надоместоци)*



# 7 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка е важен аспект од работата на повеќето инспекциски служби. Таа се одвива низ спроведување на меѓународно финансирани проекти, учество во регионални проекти, учество во работата на различни регионални и меѓународни организации во соодветните области, учество на работилници, семинари и други меѓународни конференции и настани, соработка со инспекторати од други држави и секако учество во процесите за приближување кон ЕУ.

Имено, со своето работење инспекциските служби, во рамките на својата надлежност, вршат сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата.

Исто така, меѓународната соработка е значајна алатка, која на инспекциските служби им овозможува размена на искуства, усогласување со меѓународни и европски стандарди, што придонесува кон подобрување на нивната работа.

Во продолжение се презентирани некои поважни меѓународни активности на одделни инспекциски служби.

<u>ДИЖС</u>- земале учество на работните состаноци на Подкомитетот Брисел-Скопје кој се однесува за животна средина, енергетика, транспорт во делот за спроведување на законодавството. Присуствувале на работни состаноци во Европската Мрежа на Обвинители за животна средина заедно со Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, како и соработката со Интерпол и Европол-Мрежата за сузбивање на Криминалот во животната средина со крајна цел континуирано административно зајакнување на институциите во нашата држава, оперативни активности согласно европската мулти-функционалната платформа за ризици од криминалот (делот за животна средина) EMPACT на Европол и реализација на две оперативни активности во делот на отпад и природа и учество на настани од проекти организирани од IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ.

<u>ДРС</u>- Одделението за инспекциски надзор има учествувано на работни состаноци во ракмите на меѓународниот проект на Раквијак Анализа на ризици поддржан од Министерството за енергетика на Соединетите Американски Држави, потоа одржан е и Меѓународен состанок за воспоставување и одржување на Национален регистар за затворени и потрошени радиоактивни извори.

<u>ДИЗ</u>- продолжена е соработката помеѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор (Россельхознадзор) на Руската Федерација и Државниот инспекторат за земјоделство, согласно Меморандумот за соработка меѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор на Руската Федерација. Започната била интензивна соработка помеѓу надлежните служби од областа на фитосанитарна политика од Република Северна Македонија, со Република Србија и Република Албанија.

<u>АХВ</u> - во улога на национална контакт точка за EFSA во Република Северна Македонија, во текот на првата 2022 година учествувале во активностите на индивидуалните тематски работни групи

организирани од страна на Европската агенција за безбедност на храна (EFSA), наведена е соработката со Европската комисија каде бил спроведен хибриден аудит на тема "Проценка на спроведувањето корективни мерки преземени по спроведениот аудит на контролите во производството на овчо месо и термички обработено млеко и производи од млеко наменети за извоз во ЕУ.

<u>ДИП</u> – има континуирана соработка со УСАИД, УНИЦЕФ, ОБСЕ и други институции на меѓународно ниво, со цел осовременување и подобрување на работата на инспекторатот.

<u>ДПИ</u> – ја продолжиле интензивната соработка помеѓу земјите членки на ЦЕФТА, каде бил реализиран проектот ГИЗ, ЕУ4 "Fostering the common regional market through quality infrastructure and e-commerce" во Словенија, оваа година меѓународната соработка ја продолжиле преку онлине средби и со инспекторатите од околните земји како и со инспекторатите од ЕУ.

<u>ДИТИ</u> – има учество на обука за Слободно движење на стоките- ЕУ проект за надзор на пазарот.

<u>МАЛМЕД</u> – има одржувано онлајн состаноци со Европската агенција за лекови (ЕМА), Светската здравствена организација (СЗО) и Европскиот директорат за квалитет на лекови (EDQM) од областа на фалсификувани лекови и добрата производна пракса.

<u>ДТИ</u> – има соработка со Меѓународната организација на трудот во рамки на Националната програма за достоинствена работа 2019 -2022 година каде МОТ има мандат и техничка експертиза со два приоритета: Подобрено управување со пазар на труд преку зајакнат социјален дијалог и повеќе и подобри работни места за инклузивен раст и подобрени изгледи за вработување на млади лица.

<u>ДИТ</u> - имаат учествувано на работилница за инспекциски надзор во патниот транспорт за регионални учесници на Транспортната заедница организирани во соработка со Секретаријатот на ТСТ, Амбасада на Република Полска во Скопје, Генералниот инспекторат за патен транспорт во Варшава одржана во Скопје во која учество земале и претставници на инспекторатите од Република Албанија и Република Косово.

<u>ДСЗИ</u> - има учествувано на работилница организирана од UNICEF – креирање на пораки кои ќе ја развијат комуникацијата на здравствените работници, базирана на податоци кои можат да го подобрат опфатот на вакцините и присуствувале на работен состанок организиран од Светската здравствена организација за техничка мисија во областа на безбедност на пациентите и квалитетна здравствена заштита.

<u>УСЖС</u> – има учество на обука и состаноци со ERA (Европска Агенција за железници), а биле од големо значење на управата.

# 8 ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Покрај вршењето на нивната основна задача, инспекциски надзор, инспекциските служби имаат и многу други активности кои се дел од редовната или помалку редовната работа. Овие други активности кои ги преземаат инспекциските служби за реализација на годишните планови за работа, вклучуваат воспоставување на евиденции и бази на податоци за инспекциски надзор во посебен формат, обука на инспекторите, измени и дополнувања на законската регулатива и развој на практични алатки, како на пример листите за проверка.

Една од тие други активности, е и обезбедувањето на информации за јавноста. Во таа смисла, инспекциските служби треба да ги почитуваат начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и на барање на заинтересираните правни и физички лица имаат должност да ги достават сите неопходни информации, освен информациите за кои со закон пристапот е ограничен.

Друг тип на активности на инспекциските служби е соработката, координацијата и консултациите со државните органи и други асоцијации, со цел постигнување на поголема транспарентност и подобри резултати, постапување по нивните барања за решавање на проблемите кои се јавуваат и кои се во надлежност на инспекциските служби..

## 9 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Една од целите на Инспекцискиот совет како координативно тело, е низ анализи, размена на мислења, воведување на иновации, спроведување на различни проекти и програми, постојано да пронаоѓа решенија за предизвиците со кои се соочуваат инспекциските служби во тековното работење, како и подобрување на процесот на взаемна соработка. Во таа насока, ИС постојано ја унапредува соработката со инспекциските служби, со цел градење на подобар инспекциски систем, кој ќе овозможи поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, придонесот кон остварување на зацртаните цели и планови во поглед на годишните планови за работа на инспекциските служби, каде е покажана посветеноста и ангажираноста во планирањето и остварувањето на резултатите, работната етика и дисциплина во текот на целата 2022 година.

Во рамки на своите надлежности, инспекциските служби треба да се насочат кон унапредување на професионалното, стручното и транспарентното работење во реализирањето на Годишниот план за работа за 2023 година, месечните планови за инспекциски надзор, како и доследна примена на ЗИН.

Соработката на Инспекцискиот совет со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) продолжи и во 2022 година. Имено, во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБРД, чија основна цел е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби. Се очекува проектот да заврши во февруари 2024 година со што Е-инспектор би бил целосно оперативен, односно инспекциската постапка и надзорот инспекторите ќе ги спроведуваат преку системот.

Во втората половина на декември почна процесот на развој на 3 модули за Инспекторатот за примена на јазиците, Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство. За оваа цел се одржаа тридневни работилници со секоја од трите инспекциски служби.

Главни активности во рамки на проектот, беа:

- Подготовка на техничка спецификација за развивање на Информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор со нови 13 модули за 13 инспекторати
- Развој на модулите на Е-инспектор за 13-те инспекциски служби
- Организирање на Настан за промоција на Е-Инспектор
- Координација на имплементацијата на проектот во Инспекцискиот совет

Од исклучително значење е во текот на 2023 година, што побрзо да се заврши процесот на усогласување на материјалните закони со одредбите на Законот за инспекциски надзор, бидејќи веќе се забележуваат одредени потешкотии од незавршувањето на овој процес, особено кај одделни инспекциски служби.

Успешноста на овој процес бара ангажман на инспекциските служби, но пред се на ресорните министерства кои се и формално одговорни за вршење на надзор над спроведувањето на материјалните закони, како и за покренување на процесите за нивно измени и дополнувања.